**Краток наративен извештај за проектот „Човечки библиотеки“**

Во месец јуни 2021, Организација на жени од Струмица, во соработка со други странски партнерски институции реализираше  дел од активностите предвидени со проектот **„Човечки библиотеки“,** во рамки на ЕРАЗМУС + програмата. Како експерти од соодветните области,проф. д-р Никола Смилков, проф. д-р Билјана Попеска, проф. д-р Снежана Јованова-Митковска, бевме вклучени во планирање, организација и реализација на активности насочени кон остварување на планираните цели во рамки на проектот. **вклучени**

**<u>Цел на проектот</u>**

Да се влијае врз промена на ставовите на младите учесници и преку нив на нивните врсници, семејства и пријатели во нивните заедници, преку усвојување на алатката „Човечка библиотека“, како начин за справување со социјалната исклученост, говорот на омраза, стереотипите, предрасудите и дискриминацијата.

Истата беше конкретизирана преку одредени специфични цели кои се однесуваа на: проширување на сознанијата на учесниците за програмата Еразмус + и нејзината Клучна акција 1, нивно охрабрување за активно учество во европските младински програми; јакнење на теоретските сознанија за  поимите социјалната исклученост, дискриминација, говор на омраза и злоупотреба на интернет просторот, па во таа насока и развивање на соодветни компетенции; јакнење на интеркултурните интеркултурните компетенции на учесниците, овозможувајќи им да комуницираат и да работат со млади луѓе од различни европски земји; усвојување на  вештини за примена на алатки што се користат во борбата против социјалното исклучување, дискриминација, говорот на омраза, со посебен фокус на алатката човечки библиотеки; поддршка за воспоставување мрежи и партнерства меѓу партнерите и за размена на добри практики помеѓу земјите учеснички и ...

Како една од целните групи во рамки на овој проект беа младинците на возраст од 18 и 25 години од сите партнер земји, родово балансирани, младинци кои се соочуваат со социјални, економски, географски или културни бариери.  Планираните активности во проектот подразбираа младинска размена и изведување на бројни интерактивни работилници.

Едни од нив, беа и планираните интерактивни работилници кои се изведоа во периодот од 13 до 18 .06.2021 година во Пловдив, Бугарија на различни теми како: Социјална исклученост, Дискриминација и говор на омраза, Стереотипи и предрасуди, кои подразбираа теоретско експликација на гореспоменатите феномени, но и начини на нивно надминување преку спотските активности и уметноста.

Интерактивните работилници, врз основа на податоците од евалуацијата, беа успешно реализирани од страна на гореспоменатите професори, на големо задоволство на сите учесници во овие работилници, како и лидерите од партнерските организиации.